МРТ

*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
**Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје,**
***www.mrt.com.mk***

2/1

Врз основа на член член 66 став 1 алинеја 10 од Статутот на ЈРП Македонска Радио телевизија бр. 01-765/1 од 30.01.2015 година и член 20 став 1 од Законот за поддршка на домашната музичка продукција (Службен весник на РМ бр.119/2013), а во врска со четвртиот квартален конкурс од 2016 година, објавен на ден 30.09.2016 година, Директорот на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА НЕВРШЕЊЕ ИЗБОР НА ИЗВЕДУВАЧИ ОДНОСНО НОВИ КОМПОЗИЦИИ**
**ЗА ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛЕН КОНКУРС ВО 2016 ГОДИНА**

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 20-122/3
05.01.2018 год
СКОПЈЕ

**Член 1**

Директорот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија Скопје **донесе ОДЛУКА ЗА НЕВРШЕЊЕ ИЗБОР НА ИЗВЕДУВАЧИ, ОДНОСНО НОВИ КОМПОЗИЦИИ во четвртиот квартален конкурс 2016 година, објавен на 30.09.2016 година, а согласно Законот за поддршка на домашна музичка продукција.**

**Член 2**

Одлуката веднаш по донесувањето да се објави на веб страницата на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на член 3 од Законот за поддршка на домашната музичка продукција, а со цел потикнување на развојот на домашната забавна и народна музика, ЈРП Македонска Радиотелевизија Скопје со средства од Буџетот на Република Македонија, а по пат на конкурс, секоја година ќе финансира создавање на 200 нови комопзиции.

Со Решение број 20-1998/4 од 25.04.2016 година, Директорот на МРТ Скопје утврди Листа од која се избираат членови на Комисија за избор по конкурс за создавање на нови композиции, а согласно Законот за поддршка на домашната музичка продукција.

Врз основа на член 16 од Законот по случаен избор (лотариски систем) се изврши избор од Листата на членови и со Одлука број 20-135/2 од 10.01.2017 година на Директорот на МРТ беше формирана Комисијата за избор по конкурс која ќе учествува во постапка за одлучување по четвртиот квартален конкурс од 2016 година, објавен на 30.09. 2016 година, со траење од 90 дена од денот на објавувањето.

Комисијата во состав: Симеон Иванов Канго, Робертино Саздов, Влатко Илиевски, Борчо Димитров и Никола Автовски, започна со работа на ден 10.01.2017 година во просториите на ЈРП Македонска Радиотелевизија, а Извештај со предлог за избор на изведувачи односно композиции кои се прифатени на конкурсот и Извештај со предлог на изведувачи односно композиции кои се одбиени на конкурсот, до Директорот на МРТ достави на ден 05.06.2017 година.

ЈРП МРТ согласно своите законски обврски достави до Владата на Република Македонија и Министерството за култура Годишен извештај за спроведување на Законот за подршка на домашната музичка продукција за 2016 година Бр.19-4409/1 од 10.04.2017 година, во кој информира дека до Директорот на МРТ не се доставени извештаи за прифатени и неприфатени композиции за четвртиот квартален конкурс 2016 година.

Министерството за култура со допис број 19-4409/2 од 31.05.2017 година ја извести МРТ дека нема можност да изврши распределба на средствата за четвртиот квартален конкурс од 2016 година со Буџетот од 2017 година, од причина што средствата за финансирање на композиции избрани на овие конкурси се предвидени преку Програмата за потикнување на развојот на домашната забавна и народна музика во 2016 година (Сл.весник на РМ бр.2/2016), а дека во Програмата за потикнување на развојот на домашната забавна и народна музика во 2017 година донесена на 17.10.2016 година од Владата на РМ(Сл.весник на РМ бр.192/2016), не се предвидени средства за финансирање на композициите за конкурсите од април, јуни и септември 2016 година.

Врз основа на Дописот од Министерство за култура број 19-4409/2 од 31.05.2017 година и сето погоре наведено, а согласно Законот за поддршка на домашна музичка продукција се констатира дека нема услови Директорот на МРТ да донесе одлука за избор на нови композиции, односно изведувачи во сите категории од четвртиот квартален конкурс за 2016 година, објавен на ден 30.09.2016 година, па од тие причини, Директорот на МРТ, согласно своите законски овластувања, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Јавно радиодифузно претпријатие**
**МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје**